**20202503241**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 75 став (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДИПЛОМИТЕ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на дипломите и начинот на нивното издавање на учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонннаставни активности и на учениците кои се првенци на генерацијата.

Член 2

Дипломата за постигнат успех (освоено прво, второ или трето место) на училиштен натпревар организиран во самото училиште или за постигнати натпросечни резултати по одредени наставни предмети, се издава на образец со димензии 29,7 см X 21 см, кој е даден во Прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Оригиналот од дипломата се издава на ученикот/ученичката, а издавањето се заведува во деловодната книга на училиштето.

Член 3

Дипломата за првенец на генерацијата се издава на образец со димензии 29,7 см X 21 см, кој е даден во Прилог бр.2 и е составен дел на овој правилник.

Оригиналот од дипломата за првенец на генерацијата се издава на ученикот/ученичката, а издавањето се заведува во деловодната книга на училиштето.

Член 4

Доделувањето на дипломите за првенец на генерацијата се врши на пригоден начин пред сите ученици и наставници во училиштето, на крајот од последната учебната година по завршувањето на основното образование.

Дипломите за првенец на генерацијата се врачуваат на учениците од страна на директорот на училиштето.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-11034/1
9 октомври 2020 година
Скопје

Министер
за образование и наука,
**Мила Царовска**, с.р.

**Прилог бр.1**

(Лого и грб на училиштето)

ООУ „______________________________“

(име на основното училиште)

______________________________

(место, општина)

доделува

# *ДИПЛОМА*

за ______________________________

______________________________

–

на

______________________________

(име и презиме на ученикот/ученичката, одделение)

М. П.

Директор,

______________________________

Дел. бр. ____________________ од ___________ 20 _____ година

Прилог бр.2

(Лого и грб на училиштето)

ООУ „_______________________________________“
(име на основното училиште)

_______________________
(место, општина)

доделува

# ДИПЛОМА

## ЗА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА

на _______________________________________
(име и презиме на ученикот/ученичката)

М. П.

Директор,

_______________________

Дел. бр. ______________ од __________ 20 ____ година